UDC: 323.273-054.72(495)(091)

Original research paper

# HISTORICAL AND LEGAL ANALYSIS OF THE GREEK CIVIL WAR AND OF THE REFUGEE MOVEMENTS ARISING FROM IT

**Dimitar Spasevski**
LL.M, University "Ss. Cyril and Methodius University" - Skopje,
Faculty of Law "Iustinianus Primus" –Skopje,
dimitar-spasevski@outlook.com

**Abstract**

The Greek Civil War of the first half of the 20th century is definitely one of the most significant events in the recent European history that deserves special attention and detailed research. For this reason, this paperwill primarily analyze the beginning and course of the Greek civil war and the reasons for its occurrence. This paper will also sublimate the epilogue of the war and will pay special attention to the refugee movements that occur as a result of the same war. In this paper, in fact, an attempt will be made to explorethe problem in detail or there will be attempt to find out what was the actual reason for the emergence of the civil war and how the war developed. Special attention will also be paid to the refugees from the civil war with special emphasis on the refugee children who during the war in large numbers left the Greek statein an attempt to find shelter. A variety of methods will be applied in the research and a thorough analysis of the concrete thematic will be made and primarily the historical method of research will be used, given that the research itself requires that.

***Keywords:*** Refugees, Greek Civil War

# ИСТОРИСКА И ПРАВНА АНАЛИЗА НА ГРЧКАТА ГРАЃАНСКА ВОЈНА И НА БЕГАЛСКИТЕ ДВИЖЕЊА КОИШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ИСТАТА

**Димитар Спасевски**
М-р, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"- Скопје,
Правен Факултет „Јустинијан Први"- Скопје,
dimitar-spasevski@outlook.com

**Апстракт**

Грчката граѓанска војна од првата половина на 20 век е дефинитивно еден од најзначајните настани во поновата европска историја којшто заслужува особено внимание и едно детално истражување. Од таа причина овој труд примарно ќе го анализира почетокот и текот на грчката граѓанска војна како и причините за настанокот на истата. Во овој труд исто така ќе се направи сублимат на епологот од војната и ќе посвети

посебно внимание на бегалските движења коишто се јавуваат како последицана истата војна. Во овој труд всушност ќе се направи обид детално да се истражи проблематиката односно да се одгатне која всушност била причината за појавата на граѓанската војна и како истатасе развивала. Исто така, посебно внимание ќе биде посветено на беглаците од граѓанската војна со посебен акцент на децата бегалци коишто за време на војната во голем број ја напушаат грчката држава во обид да најдат засолниште. Во истражувањето ќе бидат применети мноштво на методи иќе се направи една темелна анализа на конкретната проблематика а примарно ќе биде користен историскиот метод на истражување со оглед дека самата проблематика на истражување го налага тоа.

***Клучни зборови:*** Бегалаци, Грчка Грѓанска Војна

## Вовед

Грчката граѓанска војна е дефинитивно една од најголемите војни коишто европскиот континент некогаш ги видел. Оваа граѓанска војна условно кажано е борба на идеологии односно борба помеѓуисточната комунистичка идеологија и идеологијата на западниот демократски свет. Грчката граѓанска војна беше терен каде што си ги измерувaa силите западот предводен од САД и Велика Британија и источниот блок којшто го сочинуваа земјите од Источна Европа. Грчката граѓанска војна всушност е војна во којашто комунистите се обидувааат да ја превземат власта во Грција и давоспостават сопствена контрола. Овие напори на грчките комунисти односно на Комунистичката партија на Грција беа поткрепени од страна на државите припадници на источниот блок. Од друга страна пак западот на чело со САД и Велика Британија Грција ја доживуваа и третираа како бастионкојшто не смее да се изгуби односно Грција условно кажано беше линија којашто источниот блок не смее да ја премине. Сите овие препирки помеѓу западот и истокот дадоа голем придонес во создавањето на една од најголемите војни во европската историја којашто се карактеризира со еднаневидена бруталност и суровост како и со голем број на човечки жртви. Воедно, како последица на жестоките судири во периодот на грѓанската војна бројот на бегалци коишто прибежиште побарааaво околните држави во Источна Европа беше навистина голем. Меѓу нив огромен број беа деца. Децата бегалци всушност се симбол за една од најтажните епизоди во Грчката историја. Грчката граѓанска војна несомнено остави последици по грчкото општество на коешто му беа неопходни многу години да ги залечи раните од војната а истите тие рани се чуствуваа навистина доста долг период по завршувањето на војната. Грчката граѓанска војна навистина заслужува да биде предметна една сериозна длабинска анализа па токму затоа во овој труд ќе се посвети особено внимание наистата се со цел да се согледа развојот на војната како и воедно да се увиди какви последици истататаа војна донесе за Грција но и пошироко. Во овој труд всушност ќе се направи темелна анализа на периодизацијата на војната односно ќе бидат анализирани сите фази на војната и ќе се проучат темелно сите клучни

настани во оваа војна. Исто така ќе се согледа разврската од војната односно финалниот епилог од граѓанската војна. Во засебен дел на трудот ќе се обрне посебно внимание на бегалците од грчката граѓанска војна односно посебно внимание ќе биде посветено на децата бегалци коишто ја напуштаат Грција во голем број во периодот на војната.

## 1. Анализа на Грчката граѓанска војна

Кога говориме за Грчката граѓанска војна несомнено говориме за една од најголемите и најжестоките војни коишто Европа и Балканот ги имаат доживеано и видено некогаш. Она што преставуваше крај на една од најголемите војни коишто светот дотогаш ги видел односно на Втората светска војна за Грчката држава преставуваше увертира во една уште поголема војна а тоа е Грчката граѓанска војна. За да се согледаат разорните ефекти на оваа војна доволно е само да се нарпави проценка на бројките на лица коишто во периодот на граѓанската војна го имаат загубено својот живот.[1] Во периодот на грчката граѓанска војна се судираат повеќе влијанија односно за доминација се борат истокот и западот. Тоа е период во кој западот и истокот ги кршеа копјата околу тоа кој ќе добие доминација и чива идеологија ќе победи. Стравот од доминација на источниот блок беше една од клучните причини за западот или поточно за САД и Велика Британија да и дадат подршка на владата на Грција во тоа време која што беше исправена пред предизвикот да им се спротистави на комунистите коишто преку користење на насилни методи се обидуваа да ја преземат контролата на државата.[2] Грција во тоа време претставуваше мошне значајно прашање за американската надворешна политика. Имено за американската администрација во тоа време предводена од претседателот Турман Грција беше на врвот од листата на приоритети. Она што го крена алармот за американската администрација на чело со претседателот Турман беше токму вмешаноста на источниот блок предводен од Советскиот сојуз во внатрешните работи на Грција и Турција. Според претседателот Турман евентуален можен триумф на комунистите во Грција и доминација на Советскиот сојуз дефакто би ја загорозил стабилноста на целиот Блиски Исток бидејќи истиот би имал влијание на стабилноста на Турција на политички план.[3] Она од што всушност стравуваше американската администрација во тоа време е од можноста за проширување на конфликтот односно од можноста за ширење на нестабилност и во остантите држави од регионот. Впрочем, домино ефектот е основата на којашто се темели декларацијата на претседателот Турман. Имено согласно Турмановата

[1] Nachmani, A. (1990). Civil War and Foreign Intervention in Greece: 1946-49. Journal of Contemporary History,25(4), 489–522.

[2] The Civil War in Greece, (n.d) Retrieved from: https://www.cvce.eu/en/education/unit-content/-/unit/55c09dcc-a9f2-45e9-b240-eaef64452cae/2a3241dd-a928-4ef6-808d-f0dae7fed954

[3] The Truman Doctrine, 1947, (n.d) Retrieved from: https://2001-2009.state.gov/r/pa/ho/time/cwr/82210.htm

декаларација последиците коишто произлегуваат од граѓанските војни немаат само локален карактер туку истите имаат влијание и надвор од границите на конкретната држава и преставуваат опасност или закана за нивно проширување или домино ефект и во другите соседни држави или нации.[4] Бастионот којшто беше од исклучителна важност да се одбрани беше токму Грција. Во очите на американскиот Конгрес токму овој бастион беше прашање на одбрана на западната цивилизација од комунистичкото влијание или поточно одбрана од комунистичкото движење. Од таа причина Грчката граѓанска војна имаше особена важност и бешеподиумот на којшто се кршеа копјата помеѓу САД или западот и источниот блок особено во последната фаза од граѓанската војна.[5] Она што е особено важно да се истакне е тоа дека Грчката граѓанска војна има повеќе фази коишто опфаќаат различен временски период. Поточно, граѓанска војна можеме да ја поделиме на неколку периоди коишто се врзуваат за посебни настани. Секој од овие периоди поединечно е уникатен и има свои обележја. Првата етапа или фаза на Грчката граѓанска војна можеме да ја лоцираме уште пред крајот на Втората Светска војна а покрај оваа етапа или фаза грчката граѓанска војна има уште две дополнителни етапи или фази или севкупно е поделена во три етапи.[6] Всушност првата фаза или етапа во историјата се толкува како своевидна последица на инвазијата од страна на германските сили и окупирањето од страна на силите на Оската во 1941 година. Втората етапа пак или фаза од грчката граѓанска војна започнува со Декемвриските случувања во 1944 година додека пак третата етапа или фаза своите зачетоци ги имаво летото 1946 година. Сепак во академските кругови периодизацијата на оваа граѓанска војна претставува проблем и не постои целосен консензус по однос на начинот на којшто се делат периодите на оваа војна.[7] Всушност постојат различни мислења и гледишта во однос на периодизацијата на Грчката граѓанска војна. Впрочем не постои целосен консензус помеѓу историчарите во однос на ова прашање односно не постои унифициран став во однос на фази на Грчката граѓанска војна или поконкретно во однос на начинот на кој се поделени етапите или фазитена оваа војна. Она што треба да се истакне и нагласи е дека секоја етапа или фаза на Грчката граѓанска војна следи еден различен курс и има различен интензитет и секоја од тие фази засебно има свои специфики и протагонисти.[8] Според левичарските сили во Грција од исклучителна важност е

---

[4] Kathman, J. D. (2011). Civil War Diffusion and Regional Motivations for Intervention. The Journal of ConflictResolution, 55(6), 847–876.

[5] Iatrides, J. O., & Rizopoulos, N. X. (2000). The International Dimension of the Greek Civil War. World PolicyJournal, 17(1), 87–103.

[6] Nachmani, A. (1990). Civil War and Foreign Intervention in Greece: 1946-49. Journal of Contemporary History, 25(4), 489–522.

[7] SIANI-DAVIES, P., & KATSIKAS, S. (2009). National Reconciliation After Civil War: The Case of Greece. Journal ofPeace Research, 46(4), 559–575.

[8] Iatrides, J. O., & Rizopoulos, N. X. (2000). The International Dimension of the Greek Civil War. World Policy Journal, 17(1), 87–103.

да се направи дистинкција помеѓу периодот на граѓанската војна и периодот на отпорот против силите на Оската. Тие ја застапуваат идејата дека граѓанската војна во Грција е само пропратна последица на отпорот против силите на Оската односно тие се гласни застапници на идејата или на премисата дека Грчката граѓанска војна фактички започнува во 1946 –тата година.[9] Историски погледнато постоеле различни називи на она што денес го знаеме и го нарекуваме Грчка граѓанска војна. Всушност до не толку одамна не постоеше еден унифициран термин за она што воисторијата го познаваме како Грчка граѓанска војна. Воедно начинот на којшто се протретира Грчката граѓанска војна во зависност од конкретниот период се разликува. Она што денес го познаваме како Грчка граѓанска војна што е општо познат унифициран термин којшто се користи во светската историографија е познат односно дефиниран дури во 1989 година. Имено истата оваа војна се портретирала односно нарекувала бандитска војна во периодот по 1949 година. Овој терминбил даден се со цел и во насока на тоа да се изгради слика за тоа дека оваа војна де факто преставуваи нелегален акт.[10] Едни од најзначајните настани во Грчката граѓанска војна се секако настаните од месец декември 1944 година. Впрочем 1944 година е година којашто е синоним за едни од најдраматичните настани во модерната грчка историографија. Имено симбол за една од најголемитевојни коишто Европскиот континенет некогаш ги видел се настаните од 3 декември 1944 година во Атина. Настаните од овој датум пропратени со крвопролевања всушност беа и иницијална написла којашто ја запали искрата во Грчката граѓанска војна.[11] Тоа е период во којшто се буди комунистичкото движење коешто се труди да ја промени сликата на теренот и да превземе контрола. Имено во тој период комунистичкото движење е во подем. Примарната цел на Комунистичката партија на Грција беше да стане дел од владата предводена од левиот центар. Впрочем се до почетокот на месец ноември и декември 1944 година не постоеа никакви обиди од страна на комунистичкото движење во Грција за преземање контролата на државата.[12] Слободно може да се каже дека 1944 година е една од најбурните години во поновата грчка историја. Имено според историските извори оваа година дефинитивно може да се оквалификува како една од најдинамичните години во грчката историја бидејќи истата е пропратена со серија на бурни настани. Грчкото општество беше сведок на бројни бурни настани во 1944 година. Имено Народно ослободителниот фронт или комунистичкото движење во Грција во 1944 година успеа да извојува победа и

[9] Marantzidis, N. & Antoniou, G. (2004). The Axis Occupation and Civil War: Changing Trends in Greek Historiography,1941-2002. Journal of Peace Research, 41(2), 223–231.
[10] SIANI-DAVIES, P., & KATSIKAS, S. (2009). National Reconciliation After Civil War: The Case of Greece. Journal ofPeace Research, 46(4), 559–575.
[11] Lengel, E. G., (May 22, 2020), The Greek Civil War, 1944-1949, Retrieved from: https://www.nationalww2museum.org/war/articles/greek-civil-war-1944-1949
[12] Pritchard, S. (n.d), Athens 1944: Britain's dirty secret, Retrieved from: https://www.theguardian.com/world/2014/nov/30/athens-1944-britains-dirty-secret

да воспостави контрола низ речиси цела Грција без островот Крит по повеклувањето на германските сили што воедно беше и повод за противниците на комунизмот да ги сплотат силите и да се борат против нивниот заеднички непријател. Во истиот период Велика Британија ги кроеше своите планови кои опфаќаа заземање на поголемите грчки градови.[13] Всушност финалниот епилог на настаните од 1944 година беше пораз на Националната ослободителна народна армија (ЕЛАС) којашто ја уживаше поддршката на Комунистичката партија на Грција. Истата армија беше поразенаод страна на регуларната грчка армија којашто ја уживаше поддршката од Велика Британија. Поразот на Националната ослободителна народна армија (ЕЛАС) всушност е и симбол за втората етапа од Грчката граѓанска војна.[14] Впрочем комунистите беа поразени во повеќе наврати односно нивните обиди завршија без никаков успех. Имено и покрај бројните обиди комунистите не успејаа да ги реализираат своите цели. За време на Грчата граѓанска војна комунистите во два наврати се обидуваат да ја превземат контролата во државата. Првиот обид трае од декември 1944 до јануари 1945 година додека пак вториот обид трае од 1946 година па до 1949 година. И двата обида завршуваат со пораз на комунистите.[15] Грчката граѓанска војна всушност преставуваше судир помеѓу Грчката комунистичка партија (ККЕ) и кралската влада што пак донесе големи крвопролевања. Тоа е војна во која условно кажано силите си ги измеруваат западот и истокот односно комунистите. Всушност комунистите својата борба против германската окупација подоцна ја преориентираа и насочија кон доминација и преземање на владењето во Грчката држава.[16] Всушност благодарејќи на логистичката поткрепа којашто ја добиваа од страна на останатите комунистички режими од околината и пошироко како и со помош на користење на една герилска тактика комунистите во Грција успеаа да воспостават контрола на голем дел од Северна Грција и таа контрола ја одржуваа еден долг временски интервал. Впрочем комунистите во 1946 година успеваат дури да формираат и привремена влада и воедно ја формираат демократската армија којашто е под нивно раководство.[17] Меѓутоа сето тоа односно тој нивен успех не трае многу долго.Имено мошне брзо истите ќе бидат соочени со пораз. Но сепак за разлика од значајната помош којашто ја ужива антикомунистичките сили од страна на западот Комунистичката партија на Грција се најде во една мошне незавидна позиција

[13] Lengel, E.G., (May 22, 2020), The Greek Civil War, 1944-1949, Retrieved from: https://www.nationalww2museum.org/war/articles/greek-civil-war-1944-1949

[14] Nachmani, A. (1990). Civil War and Foreign Intervention in Greece: 1946-49. Journal of ContemporaryHistory, 25(4), 489–522.

[15] Pallardy, R., (n.d), Greek Civil War Greek history, Retrieved from: https://www.britannica.com/event/Greek-Civil-War

[16] Cavendish, R. (n.d), The Greek Civil War Ends After three years, the conflict came to an end on October 16th,1949, Retrieved from: https://www.historytoday.com/archive/greek-civil-war-ends

[17] Civil war and its legacy, (n.d), Retrieved from: https://www.britannica.com/place/Greece/Civil-war-and-its-legacy

токму поради фактот што изостануваше една значајна поддршка од страна на Советскиот сојуз. Некаде по крајот на 1947 година Комунистичката партија на Грција се судри со реалноста и сфати дека тактиката којашто до тогаш ја користеше дека не може да и ги даде или донесе посакуваните резултати па така герилската војна којашто дотогаш ја водеше ја трансформира во позициона војна.[18] На крајот комунистите во Грција доживеаа тежок пораз. Впрочем една од клучните причини за поразот на грчките комунисти којшто беше финализиран во 1949 година беше раздвојувањето на патиштата на Јосип Броз Тито и лидерот на Советскиот Сојуз Сталин. Исто така за поразот на комунистите голема улога одигра и интервенцијата на САД како и променетата тактиката којашто ја практикуваше левата страна за време на војната.[19] Всушност поразот од 1949-та година беше финален пораз за комунистичките сили во Грција но овој пораз не беше единствениот на овој пораз му претходеше уште еден пораз, а тоа е поразот од 1945 година којшто дефакто беше ефектуиран во февруари истата година. За финалниот пораз на комунистите најзаслужни беа Соединетите Американски држави коишто преку поддршката на Грчката армија одиграа значајна улога во поразот на бунтовниците главно стационирани во внатрешноста на државата во планинските предели.[20] Она што следи по завршувањето на граѓанската војна се навистина едни од најтажни настани во Грчката историја. Имено по војната следи брутален прогон на поранешните членови на комунистичките сили. Всушност по поразот на комунистите борците коишто претходно беа дел од комунистичката армија беа предмет на угнетување од страна на безбедносните сили и истите беа приморани да ја напуштат државата за да избегнат прогон.[21] По поразот на комунистичките сили голем дел од нејзините членови својот спас или прибежиште го најдоа во околните држави. На дел од нив никогаш повеќе не им беше дозволено да се вратат во Грција. Она што следуваше после поразот на комунистите беше условно кажано една застрашувачка репресија на членовите на Комунистичката партија на Грција односно истите беа предмет на прогон.[22] Да сумираме капитулацијата на комунистичките сили е финалниот епилог од Грчката граѓанска војна којашто претставуваше судир помеѓу комунистите и монархистичката структура што владееше со Грција и којашто уживаше поддршка од западот. Зачетоците на Грчката граѓанска војна влечат корен уште пред 1944 година односно уште пред

[18] Sfikas, T. D. (2001). War and Peace in the Strategy of the Communist Party of Greece, 1945–1949. Journal of ColdWar Studies, 3(3), 5–30.
[19] Civil war and its legacy, (n.d), Retrieved from:
[20] Pallardy, R., (n.d), Greek Civil War Greek history, Retrieved from: https://www.britannica.com/event/Greek-Civil-War
[21] SOTIROPOULOS, D. A. (2014). International Aid to Southern Europe in the Early Postwar Period: The Cases of Greece and Italy. The Annals of the American Academy of Political and Social Science, 656, 22–40.
[22] Greek Civil War (1946 – 1949), (n.d), Retrieved from: https://www.marxists.org/subject/greek-civil-war/index.htm

окупацијата од страна на силите на Оската да биде завршена. За окончувањето на Грчката граѓанска војна особено влијание имаше интервенцијата од САД.[23] Грчката граѓанска војна беше своевидна арена во којашто различни надворешни играчи си ги одмеруваа силите односно граѓанската војна во Грција е еден класичен еклатантен пример за судир на две доминанти сили коисе трудат да ги заштитат сопствените интереси. Имено истата оваа војна се карактеризираше со силно влијание на надворешни фактори и со мошне силен интензитет. Токму затоа во Европската историографија оваа војна ќе остане запамтена како еден од најголемите конфликти коишто континентот некогаш ги видел во периодот на Студената војна и како конфликт во којшто вклученоста на надворешни актери е поприлично застапена односно на едно многу високо ниво.[24] Според мислењето на одредени автори во историјата на Европа и Грција оваа војна ќе биде запамтена како војна од немилосрден карактер којашто се каркатеризира со едно големо брутално насилство врз цивилно население и убиства на цивили и деца. Впрочем оваа војна беше еден конфликт од локален карактер којшто беше разрешен токму со насилство.[25] Новите истражувања коишто се прават за Грчката граѓанска војна фрлаат нова светлина на проблематиката. Поточно новите докази покажуваат една појасна слика за самата војна. Од новите анализи на историските факти може да се увиди дека преку кординација и една тесна соработка и помош како матерјална така и политичка од останатите сестрински комунистички партии од источниот блок Комунистичката партија на Грција дејствуваше на теренот. Имено од новите историски докази јасно може да се увиди вмешаноста на источниот блок во Грчката граѓанска војна.[26] Всушност источниотблок имаше интерес во Грција да победи комунистичкото движење а со тоа и комунистичката идеологија. Токму во таа насока беше и помошта којашто грчките комунисти ја добиваа од остантите комунистички режими во Источна Европа. Оваа помош на Грчката комунистичка партијавсушност беше ефектуирана уште во месец август 1947 година во Словенија во Блед каде преставниците на околните комунистички режими на Балканот ја потврдија својата заложба за поддршка на комунистичкиот режим на Грција.[27] По поразот на комунистите Албанија стана ново главно упориште каде што борците припадници на Комунистичкиот режим односно на Комунистичката партија на Грција се стационираа. Идејата за повторно враќање

[23] Hart, L. K. (2017). The Material Life of War at the Greek Border. Social Analysis: The International Journal of Social and Cultural Practice, 61(1), 69–85.
[24] Marantzidis, N. (2013). The Greek Civil War (1944–1949) and the International Communist System. Journal of Cold War Studies, 15(4), 25–54.
[25] DAMOUSI, J. (2017). MOTHERS IN WAR: "RESPONSIBLE MOTHERING," CHILDREN, AND THEPREVENTION OF VIOLENCE IN TWENTIETH-CENTURY WAR. History and Theory, 56(4), 119–134.
[26] Marantzidis, N. (2013). The Greek Civil War (1944–1949) and the International Communist System. Journal ofCold War Studies, 15(4), 25–54.
[27] Ibid

во Грција и превласт на комунистите всушност остана да живее и по воениот пораз којшто го претрпија комунистичките сили во 1949 година.[28] Последиците од војната беа разорни и истите се чуствуваа голем број на години по завршувањето на граѓанската војна. Војната остави бројни рани за грчкото општество на кое му беше неопходен еден долг временски период да ги залечи. Имено обидите на комунистичките сили да ја приклучат Грција кон Источниот Блок односно зад Железната завеса придонесоа за огромни човечеки загуби. Исто така на Грчката држава и беше нанесена и сериозна материјална штета. Епилогот од настаните за време на војната беше материјална штета од 380 милиони долари. Исто така во периодот на војната беа депортирани или пак заробени дури 44.557 герилци.[29] Анализите всушност покажуваат дека штетите коишто Грчката држава ги претрпе како последица на војната се навистина огромни и истите дури може да се каже дека се поголеми од оние штети коишто Грција ги претрпе од Втората Светска Војна. Имено бројот на жртви како последица на војната се проценува на 80.000 лица додека пак својот дом во војната го загубиле речиси 700.000лица.[30] Она што е важно да се истакне е тоа дека Грчката граѓанска војна го означи почетокот на Студената војна како и завршницата на на „Ориенталното прашање". Имено периодот на Грчката Граѓанска војна е период во кој перјата ги вркстуваат Западот предводен од САД и Велика Британија и истокот којшто го сочинуваа Титова Југославија и Советскиот сојуз предводен од Сталин. Комунистичкиот режим во Грција уживаше директна поддршка од Југославија како и индиректна поддршка од Советскиот Сојуз додека пак монархистичките сили беа поддржани од западот.[31]

## 2. Анализа на бегалските движења коишто произлегуваат од Грчката Граѓанска Војна

Настаните од Грчката граѓанска војна којашто е карактерисична по својот брутален и немилосрден карактер секако допринесоа за создавање на еден голем бегалски бран односно за големи бегалски движења. Бројот на лица коишто ја напуштија Грција како последица на граѓанската војна беше навистина голем. Всушност како последица на Грчката граѓанска војна и особено кон крајот на истата војна речеиси секој десети грк станал бегалец и бил принуден да го напушти сопственото живеалиште и својот спас да го побара

[28] Karpozilos, K. (2014). The Defeated of the Greek Civil War: From Fighters to Political Refugees in the Cold War.Journal of Cold War Studies, 16(3), 62–87.
[29] B. S. K. (1950). Greece: The Aftermath of Civil War. The World Today, 6(1), 37–48.
[30] Cavendish, R. (n.d), The Greek Civil War Ends After three years, the conflict came to an end on October 16th,1949, Retrieved from: https://www.historytoday.com/archive/greek-civil-war-ends
[31] Troebst, S. (n.d.), FROM GRAMOS MOUNTAIN TOWARDS LOWER SCHLESZIA: REFUGEES FROM THEGREEK CIVIL WAR IN EASTERN EUROPE AND CENTRAL ASIA, Retrieved from: http://www.newbalkanpolitics.org.mk/item/From-Gramos-Mountain-towards-Lower-Schleszia:-Refugees-from-the- Greek-Civil-War-in-Eastern-Europe-and-Central-Asia#.YozHncNBzIU

во некоја од бегалските населби.[32] Грчката грѓанска војна сосебе донесе масовни бегалски бранови. Голем процент од бегалците во тие бегалски бранови беа деца. Имено, голем број на бегалци од кои огромен дел деца од северните делови на Грција беа предмет на евакуација од страна на комунистичките сили. Овие деца својот спас го најдоа во Југославија, Албанија, Полска, Бугарија, Романија и Чехословачка. Бројот на деца коишто биле предмет на евакуација од Северна Грција се проценува на 28.000 деца.[33] Соседните балканските држави и државите од Источна Европа всушност станаа главно упориште за децата бегалци од Грчката граѓанска војна. Дефинитивно еден од најтрогателните настани во поновата историја на Грција и Европа е токму разделбата на голем број деца од нивните сопствени родители. Истите тие деца беа одвоени од нивните родители и однесени во источно европските држави.[34] Всушност државите од источниот блок ја преземаа целосно грижата за тие деца. Евакуацијата на децата бешенаправена после спроведените преговори помеѓу источните држави и демократската влада на Грција. Всушност беше донесена одлука за евакуација на децата како резултат на молбите на големброј родители до хуманитеарните организации до кои родителите апелираа да се згрижат нивните деца. Одлуката за евакуација беше донесена на 21 февруари 1948 година.[35] Бројот на деца коишто имаа потреба од грижа и засолниште како последица на граѓанската војна беше навистина голем. Од страна на националната влада на Грција во екот на Грчката Граѓанска војна голем број на деца беа сместени во домови за деца. Воедно бројот на децата којшто беа евакуирани во источните држави како последица на Грчката граѓанска војна својот пик го достигна во 1948 година. Децата беа евакуирани од планинските региони во Северна Грција и транспортирани во сопиралиштата воИсточна Европа.[36] Југославија превзеде голем дел од товарот за грижата на големиот број на деца коишто беа приморани да ја напуштат Грција. Имено, Југолавија превзеде задача да се грижи за тие деца по постигнатиот договор со привремената демократска влада во Грција. Грижата за децата опфаќаше нивно транспортирање и нивно сместување во Југославија како и транспортирање во остантатите источни земји коишто превзедоа одговорност да се погрижат за тие деца.[37] Постојат различни гледишта за евакуацијата на децата

[32] B. S. K. (1950). Greece: The Aftermath of Civil War. The World Today, 6(1), 37–48.
[33] DAMOUSI, J. (2017). MOTHERS IN WAR: "RESPONSIBLE MOTHERING," CHILDREN, AND THEPREVENTION OF VIOLENCE IN TWENTIETH-CENTURY WAR. History and Theory, 56(4), 119–134.
[34] Damousi, J. (2012). The Greek Civil War and child migration to Australia: Aileen Fitzpatrick and the AustralianCouncil of International Social Service. Social History, 37(3), 297–313.
[35] MIRČEVSKA, K. (2014). THE CHILDREN EVACUATED FROM GREECE IN 1948: TO THE EASTERN-EUROPEAN COUNTRIES AND YUGOSLAVIA. Politeja, 30, 79–88.
[36] Danforth, L. M. & Boeschoten, R. V., (n.d), Children of the Greek Civil War Refugees and the Politics of Memory,Retrieved from: https://press.uchicago.edu/ucp/books/book/chicago/C/bo12274715.html
[37] MIRČEVSKA, K. (2014). THE CHILDREN EVACUATED FROM GREECE IN 1948: TO THE EASTERN-EUROPEAN COUNTRIES AND YUGOSLAVIA. Politeja, 30, 79–88.

бегалци во периодот на Грчката Граѓанска војна. Имено секоја од завојуваните страни во граѓанската војна или секој од протагонистите во Грчката граѓанска војна со различни очи гледаат на евакувацијата на децата бегалци во периодот на граѓанската војна. Имено евакуацијата на децата бегалци во државите на Источна Европа во периодот на Грчката граѓанска војна е контраверзна. Постои условно кажано различен наратив или толкување на случувањата во Грчката граѓанска војна или поконкретно на евакуацијата на децата бегалци во периодот на Грчката граѓанска војна. За монархистичката влада на Грција којашто успева да извојува победа во граѓанската војна евакуацијата на деца во државите на Источна Европа во периодот на граѓанската војна преставувала своевиден чин на „геноцид" и „злосторство против човештвото". [38]За разлика од монархистичката влада на Грција за комунистичките структуриевакуацијата на децата бегалци преставувала акција од хуман карактер чија што примарна цел билазаштитата на децата како една исклучително ранлива категорија. Доста голем дел од децата бегалци никогаш не се вратија во своето родно огниште. Имено голем дел од децата бегалци и по завршувањето на војната останаа да живеаат во некоја од државите во Источна Европа додека дел од нив емигрираа во Канада и Австралија. Во текот на војната истите деца биле згрижени во детски домови до соодветна возраст и до нивното осамостојување.[39] По завршетокот на Грчката Граѓанскавојна добар дел од бегалците коишто се вратија разочарни од лошите услови повторно ја напуштија Грција и мигрираа. Исто така во овој контекст важно е да се истакне дека по војната голем дел од бегалците всушност се вратија во Грција иако правно нивните барања за враќање никогаш не беа одобрени.[40]

**Заклучок**

Грчката граѓанска војна е војна од еден немилосрден и брутален карактер и истата е дел од најтажните епизоди во грчката но и пошироко во европската историја. Истата војна е всушност конфликт помеѓу комунистичките сили поддржани од страна на Комунистичката партија на Грцијаи монархистичката влада којашто ужива поткрепа од западните сили. Грција условно кажано беше ринг во којшто силите си ги одмеруваа големите играчи коишто сакаа да ја имаат доминацијата на Грција како држава со исклучителна стратешка важност. Грција всушност беше преставена од страна на американската администрација на чело со претседателот Турман како тврдина којашто мора да биде заштитена од комунистичките борци. Одбраната на Грција беше сведена на ниво на одбрана

[38] Santarelli, L. (2013). Review of Children of the Greek Civil War: Refugees and the Politics of Memory, by Loring M. Danforth and Riki Van Boeschoten. Slavic Review, 72(2), 382–383.
[39] Danforth, L. M., (March 26, 2021), "We Crossed a Lot of Borders": Refugee Children of the Greek Civil War,Retrieved from: https://www.utpjournals.press/doi/abs/10.3138/diaspora.12.2.169
[40] Hart, L. K. (2017). The Material Life of War at the Greek Border. Social Analysis: The International Journal ofSocial and Cultural Practice, 61(1), 69–85.

на вредносите коишто ги застапува западниот свет и цивилизација. Па токму затоа САД своите сили ги насочија во насока на заштитата на нивните лични национали интереси во Грција преку поддршка на анти-коминистичките сили. Грчката граѓанска војна е подделена во неколку фази. Всушност во теоријата не постои едногласност во однос на периодизацијата на оваа војна но генерално е прифатено мислењето дека Грчката Граѓанска војна се дели на три фази. Она што е особено важно да се истакне е тоа дека во граѓанската војна комунистите во неколку наврати претрпуваат тежок пораз односно завршницата на Грчката граѓанска војна е практично и пораз за комунистичката идеологија во Грција којашто по граѓанската војна и дефакто се приклонува кон западниот свет. Поразот на комунистите според историчарите се должи на повеќе фактори. Имено според голем број на автори истиот се должи на погрешната воена тактика но и на недостатокот напомош од страна на комунистичкиот блок. Воедно клучно да се спомене е дека како резултат на граѓанската војна во Грција настануваат едни од најголемите бегалски бранови коишто се забележани на европските простори во 20-тиот век. А најтажните сцени од војната се разделбите на родителите од нивните деца коишто како последица на војната било неопходно да бидат евакуирани или пак згрижени. Грчката граѓанска војна во историјата дефинитивно ќе остане запамтена како војна во која што надворешните фактори играле клучно влијание и улога. Всушност граѓанската војна во Грција беше увертира односно истата го наговести почетокот на Студентата војна кадешто своите сили ќе ги мерат два клучни актери или поточно САД и Советскиот сојуз односно истата гонаговести почетокот на долгата борба помеѓу истокот и западот за една глобална доминција.

**БИБЛОГРАФИЈА**

**Научни статии**


1. B. S. K. (1950). Greece: The Aftermath of Civil War. The World Today, 6(1).
2. Damousi, J. (2012). The Greek Civil War and child migration to Australia: Aileen Fitzpatrick andthe Australian Council of International Social Service. Social History, 37(3).
3. DAMOUSI, J. (2017). MOTHERS IN WAR: "RESPONSIBLE MOTHERING," CHILDREN, AND THE PREVENTION OF VIOLENCE IN TWENTIETH-CENTURY WAR. History andTheory, 56(4).
4. Hart, L. K. (2017). The Material Life of War at the Greek Border. Social Analysis: TheInternational Journal of Social and Cultural Practice, 61(1).
5. Iatrides, J. O., & Rizopoulos, N. X. (2000). The International Dimension of the Greek Civil War.World Policy Journal, 17(1).
6. Karpozilos, K. (2014). The Defeated of the Greek Civil War: From Fighters to Political Refugeesin the Cold War. Journal of Cold War Studies, 16(3).
7. Kathman, J. D. (2011). Civil War Diffusion and Regional Motivations for Intervention. TheJournal of Conflict Resolution, 55(6).

8. Marantzidis, N. & Antoniou, G. (2004). The Axis Occupation and Civil War: Changing Trends in Greek Historiography, 1941-2002. Journal of Peace Research, 41(2),
9. Marantzidis, N. (2013). The Greek Civil War (1944–1949) and the International CommunistSystem. Journal of Cold War Studies, 15(4).
10. MIRČEVSKA, K. (2014). THE CHILDREN EVACUATED FROM GREECE IN 1948: TO THE EASTERN-EUROPEAN COUNTRIES AND YUGOSLAVIA. Politeja, 30.
11. Nachmani, A. (1990). Civil War and Foreign Intervention in Greece: 1946-49. Journal ofContemporary History, 25(4).
12. Santarelli, L. (2013). Review of Children of the Greek Civil War: Refugees and the Politics ofMemory, by Loring M. Danforth and Riki Van Boeschoten. Slavic Review, 72(2).
13. Sfikas, T. D. (2001). War and Peace in the Strategy of the Communist Party of Greece, 1945–1949. Journal of Cold War Studies, 3(3).
14. SIANI-DAVIES, P., & KATSIKAS, S. (2009). National Reconciliation After Civil War: TheCase of Greece. Journal of Peace Research, 46(4).

**Интернет извори**

1. Cavendish, R. (n.d), The Greek Civil War Ends After three years, the conflict came to an end on October 16th, 1949, Retrieved from: https://www.historytoday.com/archive/greek-civil-war-ends
2. Civil war and its legacy, (n.d), Retrieved from: https://www.britannica.com/place/Greece/Civil-war-and-its- legacy
3. Danforth, L. M. & Boeschoten, R. V., (n.d), Children of the Greek Civil War Refugees and the Politics of Memory, Retrieved from: https://press.uchicago.edu/ucp/books/book/chicago/C/bo12274715.html
4. Danforth, L. M., (March 26, 2021), "We Crossed a Lot of Borders": Refugee Children of the Greek Civil War, Retrieved from: https://www.utpjournals.press/doi/abs/10.3138/diaspora.12.2.169
5. Greek Civil War (1946 – 1949), (n.d), Retrieved from:https://www.marxists.org/subject/greek-civil- war/index.htm
6. Lengel, E. G., (May 22, 2020), The Greek Civil War, 1944-1949, Retrieved from: https://www.nationalww2museum.org/war/articles/greek-civil-war-1944-1949
7. Pallardy, R., (n.d), Greek Civil War Greek history, Retrieved from: https://www.britannica.com/event/GreekCivil-War
8. Pritchard, S. (n.d), Athens 1944: Britain's dirty secret, Retrieved from: https://www.theguardian.com/world/2014/nov/30/athens-1944-britains-dirty-secret
9. The Civil War in Greece, (n.d) Retrieved from: https://www.cvce.eu/en/education/unit-content/- /unit/55c09dcc-a9f2-45e9-b240-eaef64452cae/2a3241dd-a928-4ef6-808d-f0dae7fed954

10. The Truman Doctrine, 1947, (n.d) Retrieved from: https://2001-2009.state.gov/r/pa/ho/time/cwr/82210.htm
11. Troebst, S. (n.d.), FROM GRAMOS MOUNTAIN TOWARDS LOWER SCHLESZIA: REFUGEES FROM THE GREEK CIVIL WAR IN EASTERN EUROPE AND CENTRAL ASIA, Retrieved from: http://www.newbalkanpolitics.org.mk/item/From-Gramos-Mountain-towards-Lower-Schleszia:-Refugees- from-the-Greek-Civil-War-in-Eastern-Europe-and-Central-Asia#.YozHncNBzIU